Предлагачи:Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, мај 2023 година

02. 05. 2023

08 254/1

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132,137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

2

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за облигационите односи за првпат се јавува во правниот поредок во 1978 година, уредувајќи ги облигационите односи, договорните и другите облигациони односи во прометот на добра и услуги.

Со засновање на облигационен однос за страните настанува должност за исполнување на обврските и се одговорност за нивното исполнување.

Со одредбата во член 266-а се овозможува казненатата камата да не ја надминува висината на главнината.

Во членот 368 став (1) од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“, број 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/13), предвиденое дека : „Сите побарувања што се утврдени со правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган, или со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган, застаруваат за десет години, па и оние за кои законот инаку предвидува пократок рок за застареност.”.

Со предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи се врши измена на оваа одредба со тоа што ќе биде рокот за застареност се скратува на 5 години од правосилноста на одлуката (соодветно на општиот рок на застареност на побарувањата), затоа што има злоупотреби со тоа што намерно се чекаат да изминат девет години и единаесет месеци и се започнува постапка за извршување, со цел да се добие надомест за камата.

Оправданоста од ова законско решение е да се намали злоупотребата на правата, намалување на можноста од алтернативни заработувања со камати, како и стимулирање на доверителите за поефиканса и побрза реакција.

Со постојниот член од законот се створа правна несигурност односно одредбата од членот е нејасна во делот за тоа дали извршната исправа застарува за 10 години, како апсолутен рок на застареност, или пак во постапка за извршување настапува прекин на застареност и истата одново почнува да тече во зависност од секое дејствие на извршителот.

Заради целисходност на одредбата потребно е да биде внесен нов став кој ќе го појаснува овој дел, при што предлог е застареноста да може да биде прекината само во случај на наплата и реализација на дел од побарувањето, а не со само превземено дејствија на Поднесено барање за извршување, Изготвен налог и слично, а општиот рок на застареност на веќе отпочната извршна постапка да биде 10 години од поднесеното Барање на извршување.

Оправданоста за носење на овој закон е во поттикнување на извршителите во поактивна функција во наплатата на побарувањата, намалување на нивните дејствиа со кои се зголемуваат трошоците во постапката, а без никаква целисходност, како и заштита на правата на должникот поради неактивна улога на доверителот и извршителот.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлогот на законот се темели на истите начела на кои се темели Законот за облигационите односи и основното решение кое ќе се постигне со овој закон е поголема сигурност за граѓаните и прецизни одредби во делот за побарувања утврдени пред судот или пред друг надлежен орган.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Спроведувањето на Законот нема да предизвика материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ

Врз основа на членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, предлагаме Собранието да расправа по Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ

### Член 1

Во Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“, број 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009, 123/2013 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/2021), во член 266-а по ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Кога износот на стасаната, а неисплатена казнена камата ќе го достигне износот на главнината, каматата престанува да тече.“.

### Член 2

Членот 368 се менува и гласи:

„(1) Сите побарувања што се утврдени со правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган, или со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган, застаруваат за пет години, од моментот на нивната извршност, како и побарувањата за кои согласно со законот се предвидува пократок рок за застареност.

(2) Сите повремени побарувања што произлегуваат од одлуки или порамнувања предвидени во ставот (1) на овој член и стасуваат во иднина, застаруваат во рокот предвиден за застареност на повремените побарувања.

(3) Застареноста на правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган, или со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган прекинува со поднесување на Барање за извршување пред надлежен извршител, при што почнува да тече одново застареноста која во извршната постапка трае десет години од моментот на поднесеното барање за извршување.“.

### Член 3

Во Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/2021), членот 2 се менува и гласи:

„(1) Одредбата од членот 1 од овој закон со кој се додава нов член 389-а се применува и за неплатената камата од 1 јануари по годината во која стапката на инфлацијата била до 50% на годишно ниво.

(2) Одредбата од членот 1 на овој закон со кој се додава нов член 389-а не се применува од 1 јануари по годината во која стапката на инфлацијата била над 50% на годишно ниво.

(3) Стапката на инфлација од ставовите (1) и (2) на овој член претставува просечната годишна стапка на промена на индексот на трошоци на живот, за соодветната календарска година, пресметана од страна на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија и објавена на нивната веб страница.“.

Член 4

Започнатите постапки за наплата на побарувања предвидени во членот 2 од овој закон ќе завршат согласно со овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи содржи пет члена.

Со членот 1 се додава нов став (8) во членот 266-а, со кој се ограничува износот на висината на казнената каматата.

Со членот 2 се менува членот 368 од постојниот закон и со истиот се уредува:

„(1) Сите побарувања што се утврдени со правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган, или со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган, застаруваат за пет години, од моментот на нивната извршност, како и побарувањата за кои согласно со законот се предвидува пократок рок за застареност.

(2) Сите повремени побарувања што произлегуваат од одлуки или порамнувања предвидени во ставот (1) на овој член и стасуваат во иднина, застаруваат во рокот предвиден за застареност на повремените побарувања.

(3) Застареноста на правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган, или со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган прекинува со поднесување на Барање за извршување пред надлежен извршител, при што почнува да тече одново застареноста која во извршната постапка трае десет години од моментот на поднесеното барање за извршување.“.

Со членот 3 се менува членот 2 од Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/2021).

Со членот 4 се уредуваат веќе започнатите постапки за побарувања предвидени во членот 2 од овој закон да завршат согласно одредбите од овој закон.

Со членот 5 е уредено влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржни во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се надминат проблемите во делот на побарувањата утврдени пред судот или пред друг надлежен орган кои согласно со постојниот закон преставуваа проблем и ги доведоа во многу неповолна ситуација голем број на граѓани и домаќинства во државата.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ
КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

## Висина на стапката на казнена камата

**Член 266-а**

(1) Стапката на казнената камата се определува за секое полугодие и тоа во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народната банка на Република Македонија (референтна стапка), што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за осум процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец (законска казнена камата).

(2) Кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, стапката на казнената камата се определува за секое полугодие и тоа во висина на едномесечна стапка на Еурибор за евра што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за осум процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец (законска казнена камата).

(3) Во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право може да се договори и повисока стапка од стапката на законската казнена камата што важела на денот на склучување на договорот (договорна казнена камата), но најмногу до 50 проценти повисока од утврдената законска казнена камата.

(4) Целосно или делумно е ништовна одредбата со која се договара стапка повисока од стапката на законската казнена камата ако од околностите на случајот, трговските обичаи или природата на предметот на обврската произлегува дека со вака договорената стапка на казнена камата, спротивно на начелата на совесност и чесност, еднаква вредност на заемните давања и справедливоста, како и на одредбите за лихварските договори, е предизвикан очигледен несразмер меѓу правата и обврските на договорните страни.

(5) При оценувањето дали одредбата за определување на висината на стапката на договорната казнена камата е ништовна, предвид ќе се земе и дали постоеле оправдани причини за отстапување од висината на стапката на законската казнена камата.

(6) Народната банка на Република Македонија е должна на секој 2 јануари и на секој 1 јули да ја објави референтната стапка на својата веб страница и истата се применува за тековните шест месеца (до крајот на полугодието).

(7) Како лица на јавното право, во смисла на овој закон, се сметаат лицата кои се обврзани да постапуваат според постапката за јавни набавки, освен трговците.

## Побарувања утврдени пред судот или пред друг надлежен орган

**Член 368**

(1) Сите побарувања што се утврдени со правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган, или со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган, застаруваат за десет години, па и оние за кои законот инаку предвидува пократок рок на застареност.

(2) Меѓутоа, сите повремени побарувања што произлегуваат од такви одлуки или порамнувања и стасуваат во иднина, застаруваат во рокот предвиден за застареноста на повремените побарувања.

**Текст на одредбите на Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/2021) што се менуваат**

**Член 2**

Одредбата од членот 1 од овој закон со кој се додава нов член 389-а се применува и за неплатената камата од 1 јануари по годината во која стапката на инфлацијата била во рамките на умерена инфлација, односно до 50% на годишно ниво.

Одредбата од членот 1 од овој закон со кој се додава нов член 389-а не се применува од 1 јануари по годината во која стапката на инфлацијата е во рамките на голема инфлација, односно над 50% на годишно ниво.

Одлука за прогласување на година на ниска (до 3%), умерена (од над 3% до 50%) или висока инфлација (над 50%) донесува Советот на Народната банка на Република Северна Македонија.